# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ГЕВГЕЛИЈА

Јануари, 2023 - Број 98



## СОДРЖИНА


3 стр.
**Тема**



4-9 стр.
**Актуелно**



10 стр.
**Мешународна соработка 2022**



11-22 стр.
**Настани и случувања во 2022 година**



23-24 стр.
**Интервју**



25 стр.
**Култура**



26 стр.
**Млади**



27 стр.
**Спорт**



28 стр.
**Мозаик**




***Во весела, мирна и празнична атмосфера, голем број гевгеличани ја дочекаа Новата 2023 година на Градскиот плоштад. За добрата атмосфера на заедничкиот новогодишен дочек, што го организираше Општина Гевгелија, беа задолжени DJ Milan, Христијан Митровски, Крџев со бенд, Филип Хаџикојчев со бенд, Оливера Станковска и „Лајв бенд“. Пристигнувањето на Новата 2023 година беше одбележано со огномет.***



***Новите изданија на „Гевгелиски магазин“ ќе бидат достапни во електронска форма на официјалната веб-страница и Фејсбук-страница на Општина Гевгелија. https://www.gevgelija.gov.mk/.../eopstina/JANUARI_2023.pdf***

# СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ГО ДОНЕСЕ БУЏЕТОТ ЗА 2023 ГОДИНА, ВО КОЈ СЕ ВМЕТНАТИ И ПРЕДЛОЗИТЕ НА ГРАЃАНИЕ

Неколку дена пред крајот на минатата година и законскиот рок, Советот на Општина Гевгелија го донесе Буџетот на Општина Гевгелија за оваа година. Основниот буџет за 2023 година „тежи" 242.818.917 денари или нешто повеќе од 3,9 милиони евра. Во буџетската рамка за годинава препознатливи се развојната и социјалната компонента, а е скроена по мерка на граѓаните. Поточно, врз основа на предлозите и сугестиите на претседателите на Месните заедници и на самите граѓани, било на отворените денови што ги организираше Општина Гевгелија или пак преку електронската анкета. Значајно е што најголемиот дел од овие предлози по усвојувањето на Нацрт-Буџетот беа вградени во неговата конечна верзија.

Тоа го потврди и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, пред советниците, најавувајќи ги планираните активности и проекти што со буџетски средства или грантови ќе се реализираат во 2023 година. Станува збор за проекти во реализација или готови проекти за кои веќе се предвидени средства во донесениот буџет или пак се одредени за апликација на веќе најавените Јавни повици од меѓународните и домашните програми. Со нивното ефектуирање се очекува значително подобрување на комуналната, патната и, воопшто, инфраструктура во Општина Гевгелија, но и решавање на одделни актуелни проблеми на граѓаните.

Од приоритетно значење во општината е завршувањето на изградбата на атмосферската канализација во Гевгелија, во должина од 6.500 метри, со која долгорочно се решава проблемот со атмосферските води во една третина од градот. Со завршувањето на проектот ќе уследи и целосно асфалтирање на раскопаните улици за што се предвидени буџетски средства. Годинава, продолжува набавката на канти за селекција на отпад за секое физичко и правно лице во градот, а во наредната година и за сите физички и правни лица во населените места. Исто така, се очекува и профункционирање на стационарот за бездомни животни, чија изградба и уредување е во завршна фаза, а со кој се решава едно од најгорливите проблеми и барања на граѓаните - кучињата-скитници.

За подобрување на патната инфраструктура, ќе биде изградена сообраќајницата од поранешниот базен кај хотелот „Сенатор" до Милци, за што во тек се подготовките за реализација. Со изградбата на оваа сервисна улица, годинава, Гевгелија ќе добие уште една сообраќајна врска до граничниот премин „Богородица". Предвидена е и изградба на долниот строј, со водоводна и канализациона линија, на продолжувањето на Западниот булевар во Гевгелија, позната како улицата „Св. Климент Охридски". Тендерската постапка за доизградба на Детската градинка „Сончогледи" во Гевгелија веќе е завршена, така што по потпишувањето на договорот со изведувачот ќе започнат градежните активности за обезбедување дополнителен капацитет за згрижување на деца од предучилишна возраст. Покрај овие проекти, се подготвуваат и основни проекти за уредување на 5 паркови со урбана опрема во Гевгелија, и тоа, главно, во станбените комплекси на улиците „Илинденска", „Коле Неделковски", поранешната Касарна и кај конзервната фабрика „Вори".

Општина Гевгелија и оваа година продолжува со прекуграничната соработка. Во февруари, со Општина Разлог од соседна Бугарија ќе аплицира на Јавниот повик за ИПА-Програма за прекугранична соработка со Бугарија, со два проекти: „Рекреативен центар на Топлик" и „Доизградба на одводниот канал Рауљ". Додека, на Повикот од ИПА-ППС со Грција, Општина Гевгелија ќе аплицира со Проект за поставување на фотоволтаици во училиштата во Гевгелија. Согласно искажаните потреби на граѓаните, посебна грижа ќе се посвети на подобрување на условите за згрижување на социјално-ранливите категории на граѓани и на лицата со попреченост. Од септември, 2023 година, за учениците чии родители се корисници на минимална гарантирана помош, ќе биде обезбеден бесплатен оброк. Додека, за лицата со посебни потреби ќе бидат обезбедени субвенции за набавка на електронски инвалидски колички.

При донесувањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, градоначалникот Сарамандов најави и повеќе проекти и зафати во населените места согласно изнесените барања и потреби на граѓаните. Станува збор за подолг список, но не на желби, туку на реални проекти, бидејќи сите се вградени во Основниот буџет, што е значајна гаранција за нивна реализација. Јавно дефинираните потреби на граѓаните и нивно корпорирање во новата буџетска рамка за годинава значително ќе ги подобри условите за живот.



**Усвоен Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година**

# БУЏЕТСКАТА РАМКА ПРОЕКТИРАНА НА 496 МИЛИОНИ ДЕНАРИ

Советот на Општина Гевгелија, на својата последна седница во 2022 година, со мнозинство гласови, го усвои Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година. Вкупниот Буџет на Општина Гевгелија за идната година е проектиран на 533.802.801 денар или над 8,6 милиони евра. Основниот буџет за 2023 година изнесува 242.818.917 денари, а капиталните приходи учествуваат со 11,38% или 27.650.000 денари. Покрај приходите на Основниот буџет, во структурата на вкупниот Буџет се приходите на дотации во износ од 267.862.000 денари, на донации од 4.312.020 денари и на самофинансирачките активности во износ од 18.809.864 денари. За капитални расходи во Основниот буџет, се предвидени 77.922.360 денари или 32,10% што несомнено зборува за неговата развојна компонента.

- За нас, како локална самоуправа, најважна е реализацијата на Основниот буџет и верувам дека во наредната година ќе имаме висок процент на реализација, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при донесувањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година. Притоа, изрази надеж дека состојбата со енергетската и финансиската криза ќе се стабилизира. На донесувањето на Буџетот му претходеше јавна расправа, во која учествуваа Месните заедници со сопствени предлози, како и граѓаните на општина Гевгелија, на отворените денови и преку електронската анкета. При конечното утврдување на буџетската рамка за идната година, земени се предвид и евидентираните предлози на граѓаните, со кои имав континуирани средби во изминатиот период, информираше Градоначалникот на општина Гевгелија. Притоа, ги најави планираните проекти за реализација согласно потребите на граѓаните, за кои веќе се предвидени средства во Буџетот или се предвидени средства од грантови.

Станува збор за завршување на веќе започнатите проекти, како што е изградбата на атмосферска канализација во значаен дел од Гевгелија, продолжување со изградбата на Западниот булевар и изградбата на сервисната улица до Милци. Но, и започнување со доградбата на Детската градинка „Сончогледи", за што веќе е завршена тендерската постапка. Во новата буџетска рамка се предвидени средства за нови зелени површини и урбано уредување на јавните површини на неколку локации. Покрај овие капитални проекти, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на седницата на Советот на Општина Гевгелија најави и повеќе конкретни проекти во сите населени места:

- Во Миравци се планирани изградба на пазар и реконструкција на спортско игралиште, во Негорци бетонирање и асфалтирање на неколку



улици, поставување урбана опрема и изградба на кошаркарско игралиште, во Богородица завршување на градежните активности за реконструкција на стариот објект на „Винојуг", реконструкција на Младинскиот дом и рехабилитација на водоводната мрежа. Во Габрово планирана е изградба на нов водовод, промена на постоечките светилки во уличната мрежа и поставување банкини на патниот правец Миравци-Габрово, во Давидово ќе бидат решени проблемите со краците од новата канализација кои не се во функција и уредување на парк со урбана опрема, во Мрзенци ќе се бетонираат две улици зад Домот и ќе биде поставена атмосферска канализација на главната улица. Во Конско е планирана реконструкција на водоводот и асфалтирање на влезот во селото, во Прдејци е планирано довршување на новиот цевковод, бетонирање и асфалтирање на улици и расчистување на речното корито на Кованска Река. Додека, во Ново Конско се планира бетонирање на улицата во горниот дел од населеното место и поставување на хоризонтална сигнализација, во Петрово бетонирање на улица и санација на каналот за отпадни води, во Смоквица бетонирање на улици, чистење на дивата депонија и реконструкција во уличното осветлување, во Моин реконструкција на Младинскиот дом и бетонирање на улицата до училиштето, поставување урбана опрема, а во Милетково планирана е изградба на канализациона мрежа доколку биде одобрен грантот.

# ОДОБРЕН ГРАНТ ОД 507.000 ЕВРА НА СОУ “ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ




Проектот на СОУ „Јосиф Јосифовски“, „Иновативен тренинг HUB – вештини на иднината“ е одобран за финансирање од Вториот повик на RCF (Regional Challenge Fund) – Регионалниот фонд за предизвици. За целосно уредување на Иновативниот центар и бројните активности за оспособување на стручните кадри во овој средноучилишен центар се доделени 507.000 евра. СОУ „Јосиф Јосифовски“ е едно од четирите средни училишта и два факултета на национално ниво што успеа да добијат грант од вкупно 123 апликации од 6 држави од Западен Балкан на Повикот на RCF, чија цел е да ја зајакне релевантноста на пазарот на трудот на стручното образование и обука преку фондови.

Грантот ќе биде искористен за модерен, еколошки, енергетско одржлив тренинг центар-HUB. Предвидена е доградба и адаптација на пристапна и соодветно опремена работилница за пракса на автомеханичари и машински техничари за моторни возила. Но, и опрема на канцеларии за пракса на ученици од економската струка, инсталација на фотоволтаични панели за потребите на тренинг-центарот, автомобилска тренинг-опрема за практична настава, набавка на електрично едукативно тренинг-возило, дигалка за возила, балансери, авто тренинг-табли, компјутерски контролен систем за електрично возило, тренинг-опрема за хибридни батерии, дијагностика, осцилоскопи, анализа на издувни гасови, компјутери, принтери, мебел, тренинг-софтери и инсталација на HASSP систем. Исто така, предвидена е и опрема за пракса во кујна и ресторан за ученици од угостителско-туристичката струка, обуки за наставници, ученици и ментори од партнер-компаниите во проектот.

- Со овој проект ќе се овозможи значително подобрување на реализацијата на наставните програми во стручното образование во СОУ „Јосиф Јосифовски“, квалитетот на наставата, стекнување на специфични вештини кои учениците би ги добиле благодарение на тренинг-центарот, современата опрема и програма, а со тоа и подготвување на квалитетен кадар според потребите на гевгелиските компании, истакнаа апликантите, изразувајќи благодарност до сите компании - партнери во проектот за целокупната поддршка за време за поднесувањето на проектната апликација и можноста учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ да добијат дополнителна пракса преку нова тренинг-програма, како и поддршката од Општина Гевгелија.

„Ме радува веста дека напорната работа на посветен тим од СОУ„Јосиф Јосифовски“ резултираше со успех и добиениот грант од 507.000 евра од Regional Challenge Fund. Задоволството е големо бидејќи изминатата година Општина Гевгелија и институциите во нејзина надлежност беа 100% успешни, бидејќи сите проекти со кои се аплицираше до меѓународните фондови, министерствата, агенциите се одобрени, така што во 2023 година претстои нивната реализација“, изјави градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, честитајќи им на директорката на средноучилишниот центар, Марија Танева, координаторите на проектот - Снежана Сарамандова, Александар Делиџаков, професорите од трите струки, „Флорит“- Гевгелија и сите останати, кои беа вклучени во осмислување и изготвување на проектната апликација.



# ПОТПИШАН ДОГОВОРОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО МОИН

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, заедно со директорот на Центарот за развој на ЈИПР, Ѓоко Камчев, го потпишаа Договорот за реконструкција на Домот на културата во Моин. За реализација на проектот, чија вкупна вредност изнесува 13.551.139 денари, од Програмата на Бирото за регионален развој на Општина Гевгелија и се доделени 11.412.761. Општина Гевгелија во реализацијата на проектот ќе учествува со 2.138.378 денари од Буџетот за 2023 година. Средствата ќе бидат наменети, како што е предвидено во договорот, за изведување градежни работи, електрична енергија и уредување санитарни јазли.

Општина Гевгелија, преку проектот: „Културно богатство-наследство за идните генерации“ на Центарот на ЈИПР, аплицираше до Бирото за регионален развој за реконструкцијата на Домот на културата во Моин. На апликацијата и претходеа две форумски сесии организирани од ЈИПР, кои се реализираа во рамки на проектот: „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој- 2 фаза“. По прифаќањето на проектот на Општина Гевгелија од страна на Општините, кои учествуваа на сесиите,



од страна на Советот за развој на ЈИПР, Проектот за реконструкција на Домот на културата во Моин беше ставен на Листата на регионални проекти за развој на ЈИПР за 2022 година и одобрен од Бирото за регионален развој.

# ВОВЕДЕН ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ

Општина Гевгелија го стави во функција новиот систем „Е-ДАНОК“ за електронска наплата на сите даночни обврзници во општината. Целта на веб-платформата е да се поедностави начинот на плаќање на граѓаните, но и да се пратат светските трендови во работењето со платежните картички и новите начини и канали на плаќања. Притоа, даночните обврзници на Општина Гевгелија потребно е да се најават на веб-страната https://edanoci.gevgelija.gov.mk, на која ќе можат бесплатно да ги користат електронските услуги: проверка на доспеан данок по основ на локален данок на имот, проверка на данок по основ за комунална такса за фирма, електронско плаќање на доспеаните локални даноци и комунални такси, еден кориснички профил за сите локални даноци на име на корисникот; плаќање со која било картичка, од каде било 24 часа на ден.

Е-ДАНОК
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Одделение за локални даноци и такси
ГЕВГЕЛИЈА

Според градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, за реализација на овој проект, во Општина Гевгелија во изминатиот период се работело напорно. Со единствена цел да се исполнат сите неопходни услови за ставање во функција на новиот систем, кој е поврзан со познатиот платежен систем КаСис. Електронското плаќање на даночните обврски значително ќе придонесе за подобрување на услугите кон граѓаните и приближување на Општина Гевгелија кон европските стандарди.

# ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА РЕНОВИРАНИОТ ОБЈЕКТ НА ЦРВЕН КРСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во Гевгелија, свечено беше предаден во употреба реновираниот објект на Општинската организација на Црвен крст, а на настанот присуствуваа градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, генералниот секретар и претседателот на Црвен крст на Македонија, Саит Саити и Ромел Велев, како и многубројните гости. Според секретарот на Црвен крст- ОО Гевгелија, Лазар Мешков, со пуштањето во употреба на реновираниот објект започнува ново поглавје во работењето на гевгелискиот Црвен крст, со тоа што се обезбедени сите потребни услови за непречено функционирање и остварување на мисијата на Црвениот крст - обезбедувањето хуманитарни услуги за ранливото население. Во годината што изминува со преку 4.000 волонтерски часови и реализирани 11 крводарителски акции, на кои беа собрани 700 единици крв, Црвениот крст во Гевгелија уште еднаш покажа дека е во служба на сите граѓани на Општина Гевгелија, истакна Мешков.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во своето обраќање истакна:

- Точно пред една година, на почетокот од мојот мандат, бев во посета на старите простории на Црвениот Крст. Тогаш, се роди идејата за реконструкција на старите простории, а денес членовите на Црвен крст веќе имаат простории со нов лик. Важноста на овој нов објект е од големо значење бидејќи ќе ја подобри функционалноста



на Црвениот Крст, но и ќе овозможи Гевгелија да се гради како општествено-одговорен и хуман град.

- Црвен Крст- Гевгелија полека прераснува во лидер на Југоистокот и пример за општествена организација. Со многу работа и труд, направивте гевгеличани да се гордеат со вашите хумани дела. Во годината која изминува, Општина Гевгелија реализираше повеќе активности заедно со Црвен Крст- Гевгелија, а верувам и неопходно е соработката да продолжи за доброто на сите сограѓани, истакна генералниот секретар, проф. д-р Саит Саити, упатувајќи честитки до раководството и членовите на Црвен крст- Гевгелија за ентузијазмот и нивната упорност што придонесе за реализација на нивната идеја.

# ЗАПОЧНУВА ПРОЕКТОТ ЗА ЛИЧНА АСИСТЕНЦИЈА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Општина Гевгелија е дел од 17 општини - добитници на грант за развој на социјални услуги на локално ниво, која врз основа на меѓуопштинска соработка ќе го реализира заедно со Општина Богданци. Имено, двете Општини аплицираа на Вториот јавен повик за изразување интерес за грант за развој на социјални услуги, распишан од Министерството за труд и социјална политика.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, градоначалникот на општина Богданци, Блаже Шапов и секретарот на Општинската организација на Црвен крст - Гевгелија, Лазар Мешков, во Клубот на пратеници во Скопје, го потпишаа Договорот за доделување грант со министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска. Од страна на МТСП, за воведувањето и давање на услугата лична асистенција на лица со попреченост,



на Општина Гевгелија и Општина Богданци им се одобрени 7.131.336 денари. Додека, двете Општини ќе учествуваат со сопствени средства во висина од 277.912 денари. Општинската организација на Црвен крст- Гевгелија, како давател на услугата ќе учествува со 129.600 денари. Инаку, вкупниот буџет за реализација на проектот, финансиран со заем на Светската банка, изнесува 7.538.848 денари.

# ЗАВРШИ ДОИЗГРАДБАТА НА ПАТОТ ЗА УМА



Заврши доизградбата на патот до Ума, од крстосницата на патот Гевгелија-Смрдлива Вода до ова потпланинско село. Со афалтирањето на преостанатите 800 метри од патот, по повеќе од една деценија целосно се заокружува оваа сообраќајница. Изградбата на последната делница од патот за Ума чини 6.700.000 денари, од кои 1,5 милион денари се средства од Буџетот на Општина Гевгелија, а преостанатите се обезбедени од Бирото за регионален развој преку проектната програма на ЈИПР.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при увидот на теренот, потсети дека ова е дел од неговото ветување пред локалните избори: „Ветив пред жителите на Ума дека ќе се заложам за доизградба на патот и решавање на долгогодишниот проблем во одвивањето на сообраќајната комуникација на жителите и туристите кои се почесто ја посетуваат Ума.“

# ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНИ И АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИТЕ „НИКОЛА КАРЕВ“ И „СЕРМЕНИНСКА“



По изградбата на атмосферската канализација, заврши и целосното асфалтирање на улиците „Никола Карев“ и „Серменинска“ во Гевгелија, со што истоимените улица добија нов лик. Во текот на асфалтирањето на улиците, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, повторно апелираше до граѓаните за трпеливост додека течат градежните работи за поставување атмосферска канализација:

- Станува збор за проекти кои се од огромно значење за Гевгелија и со кои се решаваат децениски проблеми на сите нас. Бидејќи,атмосферска канализација се поставува на една третина од градот. Градежните активности се одвиваат на повеќе места низ Гевгелија и во одредени моменти го отежнуваат нормалното движење во сообраќајот, за што е потребна трпеливост, истакна во својот апел Сарамандов.

# ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА ДОНИРАНИОТ РЕНДГЕН-АПАРАТ ОД ЈАПОНСКАТА АМБАСАДА

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари работна средба со амбасадорот на Јапонија, Н.Е. Хиронори Савада, при неговата посета на Гевгелија. На средбата, градоначалникот Сарамандов изрази благодарност за досегашната поддршка и помош на Општина Гевгелија од Јапонската амбасада. Во рамките на веќе воспоставената успешна соработка, во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност официјално беше предаден во употреба новиот реднген-апарат во Одделението за рендгенологија и радиодијагностика, како дел од GGP- проектот.

- Преку GGP, досега, Јапонија финансираше над 60 проекти во здравствениот сектор во вашата земја, во вкупна вредност од повеќе од три милиони евра конкретно во медицинска опрема, реновирање на клиники и возила за брза помош. Дополнително, Јапонија во последните две години ги опремува јавните здравствени установи со медицинска опрема во вредност од 813.000 евра, како итна помош за КОВИД-19. Јапонскиот народ му помага и во иднина ќе му помага на македонскиот народ со вакви донации во областа на здравството, образованието и животната средина, каде што досега беа донирани 8,5 милиони евра, рече јапонскиот амбасадор, Хиронори Савада.

- Новиот рендген-апарат ќе придонесе за подобро функционирање на Општата болница во Гевгелија и



подобрување на здравствените услуги за граѓаните. Ваквата соработка за нас е мошне значајна бидејќи на тој начин го зајакнуваме нашето пријателство и градиме мост на солидарност помеѓу двата народи, истакна градоначалникот на општина Гевгелија,Андон Сарамандов. Исто така, благодарност изрази и директорот на Општата болница, д-р Митко Крџев, нагласувајќи дека донирањето на современиот дигитален рендген-апарат ќе придонесе за зголемување на безбедноста и благосостојбата на пациентите преку навремено дијагностицирање. Имено, началникот на Одделението за рендгенологија и радиодијагностика, д-р Нако Поп Ристов, потврди дека рендген-апаратот овозможи правење квалитетни снимки, со што, во време на КОВИД-кризата, дури 4000 пациенти добија навремена и прецизна дијагностика.

# ПРЕЗЕНТИРАН ПРОЕКТОТ „ГЕВГЕЛИЈА ВЕЛО ГРАД“

АМД „Дичо Панов“ од Гевгелија го презентираше пред пошироката јавност проектот: „Гевгелија Вело град“, во присуство на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, претседателот на Велосипедската федерација на Македонија, Сашо Димитријоски, претставници на ОВР- Гевгелија, на бизнис-заедницата, како и членови на Велосипедскиот клуб „Гевгелија на точак“.

- Целта на проектот е промоција на велосипедизмот преку искористување на климатските и теренски погодности за негова поголема афирмација, стекнување на здрави животни навики кај младите, зголемување на економската активност на општината преку туристичко-ориентирани услуги кон велосипедизмот и развој на Гевгелија како Friendly bike city општина. Една од најважните цели е поттикнување на зголемено користење на велосипеди во Општина Гевгелија со субвенционирање на граѓаните при купување велосипед, воспоставување паркинг-рампи за велосипеди пред сите главни институции, создавање велосипедски патеки во веќе урбанизираните делови на градот, како и создавање велосипедски патеки при идните урбанистички планови, истакна Виктор Гавровски, секретар на АМД „Дичо Панов“ при претставувањето на проектот.



Покрај, ова, проектот ќе придонесе и за збогатување на туристичката понуда на општината преку организирање на спортски настан од натпреварувачки карактер „Гевгелиски Велотлон“, со тенденција тој во иднина да прерасне во традиција. Проектот: „Гевгелија Вело град“ се спроведува со финансиска поддршка на Општина Гевгелија, а во рамки на Програмата за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, која е финансирана од Европската Унија, а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

# 150 ДОМАЌИНСТВА ОД СОЦИЈАЛНО-РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ СЕ КОРИСНИЦИ НА ГМП ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

- Во Општина Гевгелија, 149 домаќинства се корисници на ГМП, 823 се корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, во просек од 10 до 15 лица месечно го користат правото на еднократна парична помош или помош во натура, а 162 корисника се примачи на надоместок за попреченост, информираше директорот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, Васка Илиева, за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија пред Советот на Општина Гевгелија. Според согледувањата на Центарот, во општина има 10 корисника на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост, 45 корисника на социјална сигурност, 2 корисника на парична помош за студирање, право на здравствена заштита остваруваат 80, а паричен надоместок за енергетска сиромаштија добиваат 229 домаќинства. 85 стари лица добиваат надомест врз основа на правото на социјална сигурност, на 4 мајки им се исплаќа надомест за мајка која родила четврто дете, гарантиран детски додаток добиваат 149, образовен додаток- 67, посебен додаток- 67, родителски додаток за трето дете - 141 семејства, а за еднократна парична помош за новороденче месечно има од 15 до 20 барања. Народната кујна ја користат 26 лица, а во Дневниот центар за деца со посебни потреби на дневно ниво се згрижени 12 деца.



Во евиденцијата на ЈУМЦСР- Гевгелија, има 4 лични асистенти кои услугата ја даваат на 5 корисника, додека услугата помош и нега во домот се уште не е развиена во општина Гевгелија. Во соработка со МТСП, ЈУМЦСР-Гевгелија, во месец јуни ја започна кампањата за згрижувачки семејства, по што 3 семејства од општина Гевгелија добија сертификати за згрижувачи. Од страна на Центарот е нагласена потребата од дом за стари лица во Гевгелија, како и сигурни куќи за жртви од семејно насилство поради значително зголемениот број на пријави кој изнесува 27. Евидентирани се и 9 зависника од дрога, кои ја користат услугата третман и рехабилитација во терапевтската заедница „Покров“- Струмица.

# Меѓународна соработка 2022

**Во 2022 година, Општина Гевгелија имаше успешна меѓународна соработка преку посетите на неколку амбасадори на Гевгелија и средбите со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов**

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ФРАНЦИЈА

Францускиот амбасадор во нашата земја, Н.Е. Сирил Бомгартнер, при работната посета на Гевгелија, оствари средба со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Во фокусот на оваа работна средба беше изучувањето на францускиот јазик и култура во училиштата во општина Гевгелија, но и за актуелната политичка состојба во Македонија, како и за процесот на пристапување кон ЕУ.

- Со градоначалникот Сарамандов разговаравме за предизвиците со кои се соочува Општина Гевгелија во време на економска и енергетска криза, можностите за изучувањето на францускиот јазик во сите образовни установи во општината, како и за поголема економска соработка на Република Франција и Општина Гевгелија, особено, за поголема туристичка промоција на Општина Гевгелија во Република Франција, изјави францускиот амбасадор, Сирил Бомгартнер, по посетата на Општина Гевгелија.

Градоначалникот Сарамандов го информираше гостинот за предизвиците со кои се соочува Општина Гевгелија, пред се, поради економската и енергетската криза. Исто така,



информираше и за имплементираните проекти во општината со поддршка од ЕУ, за подготвеноста за соработка и реализација на веќе изработените проекти, кои значително ќе ги подобрат условите за живеење на граѓаните. По посетата, францускиот амбасадор Бомгартнер и градоначалникот Сарамандов ги посетија ООУ „Владо Кантарџиев“ и СОУ „Јосиф Јосифовски“, каде што остварија средби со директорите и наставниците по француски јази.

## ЗНАЧАЈНА ПОДДРШКАТА ОД ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА



Амбасадорката на Швајцарија во нашата земја, Н.Е. Вероник Улман при посетата на општина Гевгелија, оствари средба со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на која присуствуваше и директорот на ЈПКД „Комуналец“, Раско Чочков. Притоа, се разговараше за тековните активности во Општина Гевгелија за подобрување на условите за живеење на граѓаните, како и за продлабочување на соработката меѓу Општина Гевгелија и Швајцарската амбасада.

Градоначалникот Сарамандов ја истакна важноста на новата Прочистителна станица за отпадни води, чија изградба се реализираше со поддршка од Швајцарија, како резултат на трилатералната соработка помеѓу Владите на Швајцарија, Грција и Македонија. Овој капитален проект, вреден 10.693.000 евра, е од огромно значење за еколошкиот развој на општината. Збор стана и за Новата времена депонија кај Ново Конско и нејзиното започнување со работа, со што ќе бидат решени горливите проблеми на граѓаните на Гевгелија кои ги предизвикуваше дивата депонија.

На средбата стана збор и за проблемите со кои се соочуваат Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“ поради енергетската криза, но и за можностите за нивно надминување. И тоа, преку поддршка на проекти, кои ќе придонесат за ублажување на економскиот шок

## ПРОШИРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ЧЕШКАТА РЕПУБЛИКА

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари работна средба со амбасадорот на Република Чешка, Н.Е. Јарослав Лудла. На средбата, градоначалникот Сарамандов го информираше чешкиот амбасадор за тековните активности во Општина Гевгелија. Исто така, стана збор и за соработката со Амбасадата на Република Чешка во државата од аспект на прекуграничната безбедност.

Притоа, беше потенцирана важноста на улогата на чешките полициски службеници во надзорот и контролата на македонско-грчката граница, на преминот „Богородица“, кои ги вршат заедно со домашната погранична полиција. На средбата се разговараше и можностите за проширување на соработката со Чешката република во повеќе сегменти и размена на искуства.



# НАСТАНИ И СЛУЧУВАЊА ВО 2022 ГОДИНА

**Минатата година, наспроти бројните предизвици и проблеми, ќе остане запаметена и по некои настани, личности и случувања, кои оставија свој белег во одделни дејности и воопшто, општественото живеење на Општина Гевгелија. Традиционално, „Гевгелиски магазин“ ги бележи најзначајните настани, личности и случувања во 2022 година, кои предизвикаа интерес во секојдневното живеење во Општина Гевгелија.**

## ПРВОТО НОВОРОДЕНЧЕ ВО 2022 ГОДИНА, МАШКО




Годината што замина и новата година во Гевгелија е„машка“, но само на почетокот. Пепита Спасова од Давидово во Општата болница во Гевгелија, првиот ден од Новата година, го донесе на свет својот првенец - здраво машко дете. Додека пак, Киро и Богдана Ашовалиеви од Гевгелија, на почетокот од годината, добија уште едно, шестто по ред дете - Матеј. Општина Гевгелија на првото новороденче му подари чек од 10.000 денари, а на шсетото родено дете - 12.000 денари.

И првото новородено бебе во Гевгелија во 2023 година е машко - првиот ден од годината се роди првото дете на семејството Делеви од Моин. Среќната мајка Виолета на свет го донесе Антонио, здраво, машко дете. По тој повод, на прворотката, од Општина Гевгелија и беше врачен ваучер од 20.000 денари. Наспроти „машкиот“ почеток, изминатава година беше „женска“: од 162 новороденчиња, на кои Општина Гевгелија им исплатила еднократна парична помош, 86 биле девојчиња, а 76 момчиња.

## ИЛЕ ИЛИЕВСКИ-НАЈСРЕЌЕН ФАЌАЧ НА КРСТОТ



Иле Илиевски од Давидово беше најуспешниот и најсреќниот пливач во реката Вардар, кој на Водици, го фати Светиот крст. Ова 31-годишно момче, кое првпат скокаше во водите на Вардар, под Мостот кај мотелот „Вардар“, беше најбрз меѓу пријавените 10-тина пливачи. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов на среќниот пливач и фаќач на крстот му подари лаптоп, од фирмата „Зегин“ доби телевизор, а од компанијата „Евротип“- перална. Илјадници граѓани на Гевгелија и други гости се радуваа на Водици и новиот јунак - Иле Илиевски.

## НОВОГОДИШЕН ДОЧЕК



Гевгеличани, повторно заеднички ја испратија старата 2021 година, а, истовремено и ја дочекаа и Новата 2022 година. Се собраа на Градскиот плоштад на заеднички новогодишен дочек, кој мина во мирна, весела и пријатна атмосфера. Организаторот - Општина Гевгелија на граѓаните им понуди скромна, но заедничка забава со локалните изведувачи, на големо задоволство на граѓаните. Бидејќи заедничкиот новогодишен дочек се покажа како убав и посакуван настан...

## УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ ИМААТ МОЖНОСТ ДА ЈА „МЕРАТ“ АТМОСФЕРАТА



Средношколците, во дворот на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, поставија метеоролошка станица, каде што секојдневно ја „мерат“ Атмосферата. Поточно, моменталната температура на воздухот, минималната и максималната температура во текот на едно денонокие, влажноста на воздухот, атмосферскиот притисок и врнежите. Исто така, можат да ги набљудуваат небото и да ги следат видовите облаци и кондензацијата. Преку директните мерења и внесувањето податоци во GLOBE-серверот, учениците во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, со своите локални откритија, заедно со други ученици и научници од целиот свет, ја дополнуваат сликата за животната средина на земјината топка.

# ПОЕТСКА ВЕЧЕР СО НИКОЛА МАЏИРОВ



Со Поетска вечер со Никола Маџиров, беше одбележан Патрониот празник - 150 години од раѓањето на Гоце Делчев, на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ во Гевгелија. Настанот ќе остане запаметен, не само за читателската, туку и пошироката публика. Поетско-музичката вечер започна со песната на Петре М. Андреевски, посветена на Делчев - „Ко да беше лани“, во интерпретација на Петар Јанчев. Поезијата на Маџиров беше презентирана низ разговор на поетот, како и низ аудио-визуелни видеа за неговото творештвото, а инспирирани од поезијата на македонскиот современ поет. Поетската вечер беше збогатена со настапот на џез-триото Пенче Кралев, Влатко Сапламаев и Момчило Делев.

На одбележувањето на Патрониот празник на ЈОУ Библиотеката „Гоце Делчев“, исто така, беа доделени признанија за „Најчитатели во 2021 година“. Минатата година, најголеми позајмувачи на книги и читатели во Библиотеката биле Вања Манчева, Софија Атанасова и Марија Ѓеоргиевска.

# ONE WO/MAN SHOW НА НАДИЦА ПЕТРОВА




Гевгеличани, во Народниот театар - Гевгелија, имаат можност да ја проследат stand up комедијата со актерката Надица Петрова. Со нејзиниот перформанс, актерката многу искрено на сцена ги толкува-ше проблемите на една припадничка на женскиот пол во ова општество преку наметнатите идеи и вредности, како и суровата борба за свој сопствен избор кои резултираат со неправда.

# ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ „СКОПЈЕ СО КУЛТУРНИТЕ ДОБРА“



Домот на култура „Македонија“ во Гевгелија организираше Изложба на фотографии „Скопје со културните добра“, на која беа преставени фотографии со народните носии од етничките предели: Скопска Блатија, Скопска Црна Гора, Скопски Дервен, Каршијак, како и носии од градската култура во периодот на Ала Франга. Покрај носиите, прикажани беа и најбележитите локации на Скопје и околината. Настанот претставуваше убава можност да се запознаат културните обележја на метрополата.

# РЕАКТИВИРАН ШАХОВСКИОТ КЛУБ „7 НОЕМВРИ“



Неколкумина шаховски ентузијасти, меѓу кои: Пепи Танчев, Слободан Дачев, Борче Најдески, Борче Танчев, Петар Димов и Славчо Кочев, покренаа иницијатива за реактивирање на Шаховскиот клуб „7 Ноември“, кој беше отворен под име „7 Ноември 2021“. Имено, Гевгеличани го паметат шахот, пред се, по успехот на Шаховскиот клуб „Ново поколение“, односно „7 Ноември“, кој во еден момент броеше и над 100 членови.

Основач на овој клуб во 1964 година беше познатиот доктор, интернист Александар Сингер, кој негуваше блиско пријателство со многу познати југословенски и светски шахисти, а некои од нив, како: Глигориќ, Лазаревиќ, Спаски, Гелер, Ивков и други играа симултанки во Гевгелија. Најголем успех и афирмација на гевгелискиот шах постигнаа Живко Јаневски, светски првак во проблемски шах, Венци Попов, кој трипати беше младински првак на Македонија и Ѓорги Прошев.

# „ЗА ТЕБЕ ЉУБОВ МОЈА“




Со познатите стихови на Жак Превер „Отидов на пазарот за птици и купив птица за тебе љубов моја, отидов на пазарот за цвеќиња и купив цвеќе за тебе љубов моја...“, започна 20. по ред „За тебе љубов моја“, традиционалната поетско-музичка манифестација, која стана културен бренд на Гевгелија. Манифестацијата беше посветена на Слободанка Дуева, нејзиниот зачетник и творец, но и на сите останати културни работници: Славјанка Трајкова, Орце Издушнов, Бошко Бозаџиев, Ристо Калиников и Васил Ангов кои, за жал, не се повеќе живи, а дале својот придонес во развојот на „За тебе љубов моја “.

На манифестацијата во 2022 год., стихови од домашни и странски поети, како и сопствена поезија, читаа: Ламбрина Лазаревска, Бојан Алексов, Катица Џишева Дупарова, Љупка Урумова, Весна Ристова, Светлана Стојковиќ, Стефчо Стефанов, Силвестер Проле, Каме Ќаев, Ангела Михајлова и Петар Јанчев. Додека, во музичкиот дел настапија: Александар Стојанов, Цветанка Демерџиева, Димитар Ангов и Борче Ристовски, Теодора Гошева Капсарова и Филип Ангов.

# „АЈ, ШО ЛАФИШ“ НА СТЕФЧО СТЕФАНОВ



Промоцијата на четврта по ред книжевна рожба „Ај шо лафиш“ на Стефчо Стефанов, претставуваше интересна литературно-музичко едукативната вечер. Бидејќи, книгата претставува вистински учебник по историја, запишани фрази и изрази кои останале во колективната меморија на луѓето од ова поднебје и кои и ден-денес се употребуваат. Стефчо Стефанов во 2014 година ја објави книгата „Гевгелексикон“, со 500 гевгелиски изреки, а во второто издание, оваа бројка се зголеми на 1040 зборови. Стефанов не е македонист, ниту лингвист, работи како професор по психологија, во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.

# ИЗЛОЖБА ЗА НАИВНАТА УМЕТНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА



Во Уметничката галерија Амам во Гевгелија, беше отворена Изложба на дела од македонските наивни уметници. Меѓу нив, и на гевгеличанецот Георги Хаџи Наков- Гисник, кој важеше за еден од првите претставници на современата ликовна уметност во регионот, но и за предвесник на наивната уметност. Оваа интересна и репрезентативна изложба им овозможи на гевгеличани да видат дел од сликите создадени од наивните уметници во Македонија. Зачетоците во оваа творечка област во нашата земја се евидентираат низ активностите на припадниците на најстарата генерација, во периодот меѓу двете Светски војни, на велешанецот Саздо Хаџи Петрушев и гевгеличанецот Ѓорѓи Хаџи-Наков– Гисник, кои се сметаат за предвесници на појавувањето на наивата кај нас. За вистинското втемелување на наивата голем е придонесот на Вангел Наумовски, чие значење е големо и во современа уметност воопшто.

# ПОВЕЌЕКРАТНИ КРВОДАРИТЕЛИ



Крводарителите се хумани луѓе, кои со даруваната крв спасуваат човечки животи. Затоа, по повод 17 март – Денот на крводарителството и 77-годишнината од основањето на Црвениот крст, Општинската организација на Црвен крст и градоначалникот на општина Гевгелија на повеќекратните крводарителите во општината им доделија признанија и пригодни подароци. Посебни признанија им беа доделени на 5 крводарители: Воислав Маџунков и Никола Ќириќ за 100 крводарувања, на Никола Опров и Трајче Тодоров за над 25 и на Борис Делев за над 70 дарувања крв.

# АПРИЛИЈАДА



Денот на шегата, 1 Април, во Гевгелија беше одбележан со традиционалната „Априлијада“. На дефилето на Градскиот плоштад, децата од нижите одделенија во ООУ „Крсте Мисирков“ и ООУ „Владо Кантарџиев“, како и децата од возрасните групи во детските градинки ги презентираа групните маски со креативни костими и кореографии. За најдобри беа прогласени следниве 5 групни маски: „Пирати“- I г одд. од ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија, „Рококо“- III 2 одд. од ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, „Корона чао“- III а одд. од ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија, „Рокери“- V 2 одд. од ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија и „Сложувалка“- IV в одд. од ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија. Жири-комисијата одлучи да додели и една специјална награда на групата „Пеперутка“ од ЈОУДГ „Детска радост“ за маската „Весели рибички“.

# „ЃУРА МАРА 2022“



На платото пред Домот на културата во Миравци, КУД „Танец“ од Миравци повторно го заигра автентичното оро „Ѓура Мара“. Со одржувањето на традиционалната културно-уметничка манифестација, КУД „Танец“ повторно го возобнови минатото и преку изведбата на орото им ја пренесе вековната традиција на новите поколенија. Покрај изведбата на автентичното оро, по зајдисонцето на третиот ден од Велигден, членовите на КУД „Танец“ се претставија и со други кореографии од ризницата на богатиот македонски фолклор. Во културната програма учествуваа и „Фолклорна низа“ од Струмица, како и КУД „Паја Зариќ“ од Нови Карловци, од збратимената општина Инџија, Република Србија.

# КОМЕДИЈАТА „РАЗВЕДИ МЕ“ ВО ГЕВГЕЛИЈА



Хит-комедијата на Театарот „Провокација“- „Разведи ме“ ја изнасмеа гевгелиската публика и изнуди громогласен и долготраен аплауз во салата на Народниот театар, во Гевгелија. Пред сè, поради брилијантното толкување на актерскиот брачен пар од страна на Роберт и Мирјана Ристови во улогите Ана и Филип, кои во претставата се соочуваат со распаѓање на бракот. Затоа што пред нив, на експлицитен начин и без непотребни цензури, актерите доловија ситуации кои ја разнишуваат, но успеваат и да ја спасат хармонијата во бракот.

# ИЗЛОЖБА ПОСВЕТЕНА НА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ



Во Пионерскиот дом, во Гевгелија, беше отворена Изложбата на фотографии, фотопортрети на 20 лица со посебни потреби од повеќе градови во Македонија на различна возраст. Истовремено, беа промовирани книгата „И јас сум тука“, посветена на овие лица, како и македонскиот превод на „Не престанувајте да се гушкате“ од Оса Емрот. „И јас сум тука“ е дел од проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди“, чиј иницијатор е Театарот „Глада Худик“ од Худиксвал, Шведска, со поддршка на Шведскиот институт. Целта на проектот е да се смени стереотипниот однесување кон лицата со попреченост, да се намалат стигмите и да се зголеми свеста за интелектуалната попреченост.

# 90 ГОДИНИ КУД „ТАНЕЦ“- МИРАВЦИ



КУД „Танец“ во Миравци опстојува цели 90 години, формирано е во 1932 година од страна на двајца сопружници - српски учители во Миравци, кои го водат се до почетокот на Втората светска војна. Уште во тој период, Друштвото учествува на регионални и државни натпревари во фоклор, постигајќи резултати и освојувајќи први награди. По паузата за време на Втората светска војна, од 1947 година продолжува со активна работа, под водство на Јордан Делов од Миравци, се до 1963 година. По него, раководството го презема Трајан Петров, а од 1984 до денес, за претседател на КУД „Танец“ е избран Мицо Јакофов. КУД „Танец“ својот 90-годишен јубилеј го прослави со свечена академија, на платото пред Домот на културата во Миравци, каде што заедно со своите пријатели и гости - КУД „Пријатељи“ од Јабланица, БиХ, КУД „Јаблановец“, од Запрешиќ, Хрватска, КУД „Печинци“ и КУД „Паја Зариќ“ од Нови Карловци, Р. Србија, приреди интересен јубилеен концерт.

# СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ВО МЕЧ ПОКЕР



Во Гевгелија, се одржа петтото по ред Светско првенство во Меч покер или Куп на нациите 2022, на кое учествуваа 14 репрезентации. Покрај Македонија, која за прв пат учествува на вака големо натпреварување, на овој шампионат настапија и репрезентациите на: Естонија, Германија, Исланд, Индија, Израел, Италија, Казахстан, Литванија, Монголија, Сингапур, Швајцарија, Австрија и на Украина. Шампионатот го прогласи за отворен претседателот на Светската покер федерација, Патрик Нили, кој потсети на зборовите на Нелсон Мендела дека спортот може да го промени светот на подобро. Во музичкиот дел на програмата настапија браќата Раденови и Наталија Данаилова, Фолклорните друштва „Мегдан“ од Богданци“ и „Бојмија“ од Гевгелија, кои го презентираа богатството на македонската фолклорна традиција, како и „Некст тајм“.

# ГЕВГЕЛИСКА ПРЕМИЕРА НА „ИМЕ“



Гевгелиската премиера на претставата „Име“ предизвика воодушевување кај гевгелиската публика поради извонредната актерска игра: на Катерина Петковска, Лазе Николов, Силвестер Проле, Влатко Сапламаев, Тијана Ристовска и епизодната улога на Светлана Стојковиќ. Секако, и поради успешната режија на Катица Цишева Дупарова. Инаку, најмладата гевгелиска публика можеше да ужива и во настапите на младите актери - членови во Драмската секција при ЈОУ Дом на културата „Македонија“, кои настапија со три претстави - „Волшебното кутивче“, „Мачорот во чизми“, и „Обична бајка“, сите во режија на Катица Цишева Дупарова, раководител на Драмската секција.

# ГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА „БОЈМИЈА“



Ансамблот „Бојмија“- Гевгелија го одржа својот 18 по ред Годишен концерт на сцената во Големата сала на Народниот театар. Членовите на овој афирмиран фолклорен ансамбл настапија со кореографии од својот богат, фолкорен репертоар. Интересно е што на концертот беше промовиран и новиот проект „Обновување на русалиските игри во Гевгелиско“, кој опфати поставка на песни и игри, како и презентирање народна носија, карактеристични за етнокореолошкото подрачје од Гевгелискиот Регион. Поставката ги опфати песните „Бој се бие“, „Собрале ми се набрале“ и други песни, како и русалиските игри и обичаи: „Маршот“, „Кушијата“, „Тодоро Биро Капидан“ и „Шарено оро“.

# СПАСОВДЕН 2022



Празникот Вознесение Христово – СПАСОВДЕН 2022, кој е Патрон на Гевгелија, беше одбележан со богата и разновидна културна програма. Свеченостите започнаа со традиционалната манифестација на Домот на културата – „Распеана чаршија“, на која настапија Фолклорните групи и Ансамбли: „Распеани гевгеличани“, „Распеани валандовчани“, Пејачката група на ЗП Кавадарци „Никола Бадев“, ВИА „Распеани струмичани“ и Пејачката група на Здружението на пензионери „Сава Михајлов Гевгелија“. Во духот на традицијата и богатото фолкорно минато, беше отворена Изложба на фотографии и презентација на видео-материјали за „Манастирите и црквите во Гевгелиско.

Во Народниот театар во Гевгелија, гостуваше Балетскиот ансамбл на Националната опера и балет со балетската претстава „ЛА,ЛА,ЛА“, а во фоајето беше отворена Изложба на членовите на ДЛУГ. Во рамките на програмата за класична музика, по премиерната изведба во Скопје, пред гевгелиската публика се претстави Маја Чанаќевиќ на англиски рог, придружувана од Ана Гацева на пијано, кои интерпретираа дела од: Марчело, Барат, Шуберт, Зографски и Ликл.

# МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „АПОЛОНИЈА 2022“



Меѓународната ликовна колонија „Аполонија 2022“ во Гевгелија, по двегодишна пауза поради Ковид-пандемијата, повторно собра десеттина реномирани ликовни уметници од регионот. По 19. пат, во организација на Фондацијата „Аполонија“ во Гевгелија твореа: Драган Бартула, Јелена Милошевиќ и Емил Сдера од Србија, Петер Бјелашки од Бугарија, Ниче Василев и Татјана Медарова од Македонија, додека домаќините ги претставуваа Борис Петров и Јордан Јанев Дане. Гостин на колонијата беше и познатиот белградски фотограф, Рајко Р. Каришиќ. Нивниот десетдневен труд беше презентиран на завршната изложба, на терасата на гевгелискиот хотел „Аполонија“, каде што беа изложени 16 слики на учесниците инспирирани од гевгелиски мотиви.

# МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ЗА МЛАДИ ПИЈАНИСТИ



Во Гевгелија, се одржа 10. Меѓународен натпревар за млади пијанисти, во организација на пијанистот, Глигор Гелебешев, кој потекнува од Гевгелија. Младите пијанисти од земјата, како и од Бугарија и Косово, се натпреваруваа во пет категории, а нивните настапи беа оценувани од стручна жири-комисија. На Меѓународниот натпревар по пијано учествуваа и пијанисти од ООМУ „Васо Карајанов“во Гевгелија, кои освоија две Први награди и една Втора награда.

# НЕДЕЛА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ



Голем број граѓани, членови и поддржувачи на Црвениот крст, се собраа на платото пред споменикот на Сава Михајлов, во Гевгелија, по повод Неделата на Црвен крст на Македонија и Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина. На пригодната свеченост, во организација на Општинската организација на Црвениот крст-Гевгелија, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, порача дека со одбележувањето на Светскиот ден на хуманоста, истовремено, се промовираат црвените бои и хуманиот дух во нашиот град. Додека, секретарот на ОО ЦК- Гевгелија, Лазар Мешков најави два големи проекти, кампања за едукација на 25.000 ученици за значењето на првата помош, како и ангажирањето по еден волонтер, член или поддржувач за секое згрижувачко семејство од општината. Пригодната свеченост беше збогатена со перформансот на Mystic dance, децата од ЈОУДГ „Детска радост“, бендот „Трета доза“, како и волонтерите од Клубот на млади при ОО ЦК Гевгелија.

# ГЕВГЕЛИСКО КУЛТУРНО ЛЕТО




Гевгелиското културно лето внесе „културна“ свежина во гевгелиските летни ноќи, со богата, разновидна и програма наменети за различни генерации и вкусови. Манифестацијата во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“, ЈОУ Пионерски дом и ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, а под покровителство на Општина Гевгелија, понуди интересни театарски претстави, музички концер-ти и настапи на танцови групи, книжевни вечери и репрезентативни ликовни изложби. Гевгелиското култур-но лето стартуваше со две театарски претстави за деца и возрасни.

# ЕВРОПОРТА-ФЕСТ 2022



На Музичкиот фестивал „ЕВРОПОРТА ФЕСТ- 2022“, во организација на Здружението „Внимание“, настапија 11 музички таленти од: Гевгелија, Богданци, Валандово и Струмица. На првата фестивалска вечер, солистите Слободанка Арнаудова од Богданци и Ивана Коколанска од Валандово го делеа првото место. Во категориите дуети, на втората фестивалска вечер, за најдобар беше прогласени дуетот на Ивана Коколанска и Слободанка Арнаудова.

# 75-ГОДИШНИНА НА ДПМ



Во Гевгелија беше одбележана 75-годишнината на Друштвото на писателите на Македонија со репрезен-тативен настап на бројни писатели. На овој значаен книжен настан, во организација на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, на платото пред Градската библиотека, со свои творби се претставија членовите на ДПМ: Снежана Стојчевска, Диме Ратајкоски, Југослав Петровски, Гордана Јовиќ Стојковска, Александар Прокопиев, Миле Јованоски Поречанец, Горан Анчевски, Саво Костадиновски, Лилјана Стоилковска, Љупчо Силјановски, Ленче Милошевска и Мито Спасевски. Настанот беше збогатен и со настапот на Теодора Гошева, со неколку музички нумери.

# „МИТИНГОТ“ НА ДЕЈАН МАЛЗАРКОВ




Во спортската сала „26 Април“ во Гевгелија, нево-обичаено голем број гевгеличани, наспроти топлотниот брен, уживаа во шоуто на Дејан Малзарков, кој со stand-up комедијата „Митинг“ го прослави шестиот роденден на „Диверзија“. На еден мошне оригинален и доста комичен начин, Дејан Малзарков преку добропознатите ликови на „Диверзија“- Чик Ванчо, Пецко и Џоче всушност, ги прикажа аномалиите во општеството. Во борбата помеѓу трите лика политичари, секој бранејќи ја својата предизборна програма, сепак, гласачката машинерија-п убликата во спортската сала „26 Април“ победата му ја довери на толкувачот на улогите, Дејан Малзарков.

# КОШАРКАРСКИ ТУРНИР „БОБИ ПЕТКОВСКИ“



Гевгелија беше домаќин на Меѓународниот меморијален кошаркарски турнир „Боби Петковски“, во организација на Општина Гевгелија, Кошаркарската федерација на Македонија и КК „Кожув“. На овој прв Меморијален турнир во чест на Боби Петковски, тренер на младинските категории на КК „Кожув“, кој прерано го напушти животот, учествуваа машките репрезентации до 18 години на: Македонија, Бугарија, Грција и Црна Гора. Во борбата за прво место, македонските младинци ги совладаа селекциите на Грција, Бугарија и Црна Гора, освојувајќи го првото место на Меморијалниот меѓународен турнир „Боби Петковски“. МВП- наградата (најкорисен играч) му припадна на Теодор Симиќ, член и капитен на нашата јуниорска селекција, кој на трите одиграни натпревари постигна вкупно 49 поена.

# „БОШ“ ОАЗА ВО ГЕВГЕЛИЈА



На 14 издание на „БОШ фестивал 2022“, организаторите ЗЛУКР „Арт Еквилибриум“, приредија богата и разновидна дводневна програма со уметнички случувања од алтернативната култура. На „БОШ фестивалот 2022“, во чест на Бошко Бозаџиев, прерано починатиот актер и поет од Гевгелија, се случија: интересни изложби, инсталации, видео-проекции, филмови, промоција на роман, работилница за деца. За време на фестивалот беше одржан и Саем на независно издаваштво концерти. И во 2022 година, Фестивалот, за време на двата дена, понуди интересни културни и алтернативни настани, кои привлекоа публика од скоро целата земја.

# „МРАЧНА ШУМА“ НА МАРИЈА СТОЈАНОВА



Марија Стојанова, еден од организаторите на фестивалот „БОШ“, се претстави пред гевгеличани со МРАЧНА ШУМА – видео-инсталација, која, всушност, претставува дијалог меѓу природата и културата. Авторката преку јуктапозиција на две слики, мрачната шума како статична и пеперутките како подвижна, поставува битни егзистенцијални прашања во врска со односот помеѓу луѓето и нивниот свет. Во мрачната шума е скриена тајна, вели историчарот на уметноста, Емил Алексиев, потребен е вашиот поглед за да се случи чудо – мрачната шума е преплавена од светлина и сè одеднаш оживува. Стотици пеперутки излегуваат од темнината и го исполнуваат просторот. Оваа провала на волшебното во нашиот свет создаден од бетон, челик и стакло ги ослободува природните сили затрупани од багерите на нашата цивилизација.

# КОНЦЕРТ НА МЛАДИТЕ ГИТАРИСТИ



На платото пред Народнот театар во Гевгелија, се одржа Концерт на младите гитаристи, кои вредно вежбаа под будното око на нивниот наставник, музичарот Костадин Динев, басистот на една од најдобрите македонски рок групи „Зијан“. На својот прв настап пред публиката, со изведба на домашни и странски популарни песни, млади гитаристи ги воодушевија присутните и докажаа дека трудот што го вложиле, доколку продолжат да вежбаат, ќе резултира со појава на некој нов гитарски идол на македонската музичка сцена.

# МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР „ИВАН ПЕНОВ“



Меморијален турнир во баскет „Иван Пенов“, во чест на прерано починатиот кошаркар, по вторпат привлече големо внимание. На турнирот учествуваа 21 екипа, но и бројни љубители на кошарката. Кај сениорите, првото место го освои екипата на „ДОН АНДОН“, второто место ЖФ „Стокол“, а третото „Ресторан Крим“. На финалниот натпревар во категоријата на јуниори, екипата на „Римаг“ го освои првото место, второто екипата „Амигос“, а третото „Балерс“. За победник во шут за 3 поена беше прогласен Никола Бојчев, Димитар Лазаревски за МВП на турнирот, а Илија Колев за МВП во финалето.

# РОДНОКРАЈНИ АВТОРИ



Пред Градската библиотека „Гоце Делчев“ во Гевгелија, се одржа интересна поетско-музичка вечер, на која настапија роднокрајните писатели. Директорот на Библиотеката, Срефан Марковски, во своето кусо обраќање пред настапот на гевгелиските поети се присети на една мисла, која вели дека „поезијата ја има кога чувството ќе ја најде соодветната мисла, а таа пак ќе го најде соодветниот збор“. Вечерта на поезија ја разубавија дополнително и разиграните ноти на гитаристот Филип Динев и контрабасистот Пенче Кралев.

# ТУРИСТИЧКО-ГАСТРОНОМСКА ИЗЛОЖБА



По 13. пат во Гевгелија беа презентирани алтернативните форми на гевгелискиот туризам на традиционална туристичко-гастрономска изложба што ја организираше Факултетот за туризам и бизнис-логистика во Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, на терасата на хотел „Аполонија". На оваа веќе традиционална изложба, се презентираа: традиционална храна, бизнис-идеја за развој на културниот туризам или друг вид туризам, фотографии на стари традиционални јадења и стари предмети, артефакти и носии од регионот и државата. Покрај ова, во програмата учествуваше и Ансамблот „Бојмија", кој се претстави со ора од нивните кореографски поставки.

# SUMMER DANCE SHOW 2022

Танцовото студио „Мистик" од Гевгелија, со концертот Summer dance show 2022 го одбележа 15-годишниот јубилеј од своето постоење. Членовите на ова студио со урбани танци се претставија пред публиката, на сцената во Големата сала на Народниот театар- Гевгелија. „Мистик студио" со години по ред преку модерни танци ја претставува Општина Гевгелија на државно и меѓународно ниво. Започна со работа во 2008 година како Секција за урабни танци во Пионерскиот дом, но, со текот на годините, бројот на членството се зголемува и „Мистик" прерасна во едно од позначајните танцови студија во земјата.

# ДВЕ ДЕЦЕНИИ НА КУД „БРАЌА ТОЛЕВИ"



КУД „Браќа Толеви" од Прдејци го одбележа својот 20-годишен јубилеј со фолклорната вечер „Фолклорот не прави горди". Под отворено небо, љубителите на фолклорот имаа можност да уживаат во настапот на членовите на ова друштво, како и настапите на гостите. Покрај македонскиот фолклор, презентиран од КУД „Браќа Толеви"- Прдејци и КУД „Негорци"- Негорци, на фолклорната вечер беше презентиран и фолкорот на Босна и Херцеговина со настапот на КУД „Пискавица" од Бања Лука.

# ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА



Ана Папалазова титулата Првенец на генерацијата во СОУ„Јосиф Јосифовски" во Гевгелија ја стекна поради континуираниот одличен успех по сите наставни предмети, но и учеството на 40-тина натпревари од различни области и освоените над 30-тина награди. За Првенци на генерацијата, пак, во основните училишта се прогласени Ѓорги Новаковски од ООУ „Владо Кантарџиев" во Гевгелија, Софија Иванова од ООУ „Крсте Мисирков" во Гевгелија, Димитар Боболков од ООУ „Ристо Шуклев" во Негорци и Леонид Цуклев од ООУ „Климент Охридски" во Миравци. Овие млади личности претставуваат вистински пример за успешното образување и воспитување во гевгелиските училишта. Првенката на средношколската генерација е наградена од Општина Гевгелија со 15.000 денари, а првенците во основните училишта со по 10.000 денари.



# ЛЕТНО КИНО НА ДИНЌУТ



Традицијата продолжува - Гевгелија доби летно кино. Во амфитеатарот на излетничкото место Динќут, кај Гевгелија се одржа Летно кино 2022, кое беше отворено со македонскиот филм „Бал-кан-кан", на режисерот Дарко Митревски. Летното кино, чиј организатор беше Општинската организација на Црвениот крст- Гевгелија, заедно со волонтерите од Клубот на млади, се одржуваше секоја недела од летото, со прикажување на филмови од македонски режисери за сите генерации. Летното кино, освен освежувањето на гледачите, имаше и хумана цел- собраните средства од влезници беа наменети за оние на кои им е потребна помош.

# КОНЦЕРТ НА „АУЛОС“



Квартетот флејтисти „Аулос“ со својот целовечерен концерт во Гевгелија беше вистинско изненадување за гевгелиската публика. Јана Каевска, Пандорка Јанаќиева, Ангела Димковска и Александар Лолески со своето едночасовно усогласено интерпретирање на композиции од повеќе музички композитори приредија незаборавна вечер. Флејтистите настапија со програма застапена од дела на: Моцарт, Бричалди, Бифтинк, Боца, Бертомис и Гајат.

# ЕТНОКОРЕОЛОШКА ИНСТАЛАЦИЈА

Во Народниот театар во Гевгелија, беше поставена интересна инсталација за афирмација на традиционалната култура и фолкор на етнокореологот, Силвестер Проле. Инсталацијата е инспирирана од орото „Тешкото“, а беше насловена како „Етнокореолошка инсталација“. Станува збор за едно поинакво доживување на традиционалната култура, преку современа инсталација во простор, оплеменет со облековни елементи, инструментариум и дел од орската традиција. Настанот што го организираше ЈОУ Дом на културата „Македонија“ во Гевгелија, предизвика интерес кај посетителите поради интересното видување на авторот на фолклорот и традицијата.

# ИЗЛОЖБА НА ВАНГЕЛ СРНАКОВ



Вангел Срнаков со изложбата насловена „Поглед преку“, во Уметничката галерија „Амам“ се претстави со дела работени во техника „масло на панел /платно“. Изложените дела беа поделени во три жанра на изразување: портрет, пејзаж и мртва природа. Имено, авторот од аспект на својот личен уметнички ракопис преку делата, како што забележа промоторот Александар Каракабаков, сака да даде поинакво естетско видување на нештата, конкретно на субјектот на перципирање, преку разновидните проѕирни материјали како што се пластиката, фолијата, стаклото, водата. Токму ваквото сликарско видување на авторот претставуваше вистинско освежување за гевгелискиот ликовен живот.

# „ЛИТЕРА“ ВО ГЕВГЕЛИЈА



Гевгелија беше домаќин на дводневниот Меѓународен фестивал за литература и илустрација за деца. Во двата дена, на работилниците во основните училишта и Народниот театар, најмалите имаа можност да се запознаат со процесот на создавање сликовница, да читаат, цртат и обработуваат сликовници од домашни автори. Но, и да разговараат на тема - „Сликовница без граница“. Додека пак, на Изложбата во Народниот театар можеа да се запознаат со илустрациите за деца од: Кристијан Јовановски, Наташа Андонова, Инес Ефремова и Надица Златкова.



# „ГЕВГЕЛИСКИ МОМЕНТИ“ НА ДИМИТАР НОВАКОВ



„Гевгелиски моменти“ беше третата по ред самостојна изложба на фотографот Димитар Новаков, која го привлече вниманието на гевгелиската јавност. Во Уметничката галерија „Амам“ беа претставени фотографии од: автентичната гевгелиска архитектура, фасади, улици и сокаци, пејсажи и видици, кои го дефинираат вистинскиот идентитет на градот. Димитар Новаков од Гевгелија е современ фотограф, кој почна да ја освојува македонската фотосцена со својот жар и творечка инвентивност и креирање на исклучително естетски визуелни решенија низ реалистичните фотографии, како и со мали примеси во употребата на магијата на електронската трансформација и трансмутација кај одреде-ни фотографии. Преку „Гевгелиски моменти“, тој на своите сограѓани им го пренесе своето видување на родниот град.

# СПЕКТАКУЛАРЕН НАСТАП НА НОБ



Спектакуларниот настап на Националната опера и балет во Народниот театар во Гевгелија, со балетската постава на музиката од „Болеро“, претставуваше шлаг на Седмоноемвриската славеничка торта. Балерините со својата прекрасна изведба, во кореографија на Саша Ефтимова, предизвикаа воодушевување кај бројната публика. Громогласни аплаузи добија и оперските пеачки Ана Ројдева, Злата Тошеска и Александра Лазаревска-Василевски, кои во придружба на пијанистот Јордан Петрушевски интерпретираа оперски арии.

Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 Ноември беше одбележан со богата, разновидна и интересна Седмоноемвриска културна програма. Цели осум дена беа исполнети со интересни културни настани што ги организираа Домот на култура „Македонија“, Пионерскиот дом и Библиотеката „Гоце Делчев“, со поддршка на Општина Гевгелија.

# РОК КОНЦЕРТ НА „ГОРТИНИЈА“



Градскиот мешан хор „Гортинија“ на гевгеличани им приреди едно несекојдневно и невообичаено музичко уживање. Присутните во Народниот театар на Rock ‘n’ choir концертот со овации и долги аплаузи ги наградија изведувачите. На концертот настапија солистите: Цеца Демерџиева Динева, Теодора Атанасова, Дорис Старчева Јованова, Андон Михајлов, Теда - Теодора Гошева Капсарова и Коце Динев, придружувани од неповторливите хористи на „Гортинија“, како и специјално формираниот рок-бенд, составен од: Пенче Кралев, бас-гитара, Момчило Делев, тапани, Коста Елбасановски, клавијатури, Слободан Крџев и Антонио Какров, гитара, а под диригентската палка на м-р Илија Атанасов. Репертоарот за концертот беше составен од 10 познати рок-нумери на странски и домашни групи и пеачи.

# СЕДМОНОЕМВРИСКА ТРКА

Атлетската трка NOVEMBER RUN GEVGELIJA 2022 и дефинитивно ја вброи Гевгелија на атлетската мапа во земјата и во странство. На втората по ред атлетска трка учествуваа 1400 возрасни атлетичари од: Македонија, Србија, Грција, Косово, Албанија, Полска, Австрија, Бугарија, Холандија, Италија и Швајцарија. На трките на 5 и 10 км, во машка и женска конкуренција, на гевгелиските улици трчаа 870 атлетичари. Скоро сите ја достигнаа крајната цел, а најдобар на трката на 10 км. во машка конкуренција, беше Муса Хајдини од Косово, додека во женска конкуренција, најдобра беше Андријана Поп Арсова од Македонија. На трката на 5 километри во машка конкуренција, првото место го освои Астрит Криезиу од Косово, а во женската конкуренција, Магдалена Станковска. На Детската трка, во должина од 1 км,. учествуваа 500 дечиња, поделени во три категории.



# ГЕВГЕЛИЈА НА ТОЧАК



Скоро 1000 граѓани, од 7 до 77, од Гевгелија и други општини учествуваа на третото по ред спортско дефиле „Гевгелија на точак“. Манифестацијата, која беше обновена во 2020 година, всушност, ја продолжува традицијата на седмоноевмриските трки на велосипед по гевгелиските улици, организирани по повод Денот на ослободувањето на Гевгелија. Минатата година, учесниците во дефилето со своите велосипеди, ја поминаа маршрутата, во должина од 5 км, по гевгелиските улици. Најмалите велосипедисти беа на возраст од 6 години, а највозрасни беа пензионерите.

# ГЕВГЕЛИЈА УСПЕШЕН КОШАРКАРСКИ ДОМАЌИН



Гевгелија се покажа како успешен домаќин на Македонската кошарска репрезентација и на кошарките на Норвешка и Данска. Но, истовремено се афирмира како значаен спортски центар во регионот. Во преполнетата спортска сала „26 Април“ Македонската машка кошаркарска репрезентација ја продолжи победничката низа во претквалификациите за пласман на Европското првенство 2025. По победата над Норвешка и Данска, избраниците на селекторот Александар Јончевски, ноемврискиот претквалификациски циклус го завршија со максимални четири победи на исто толку средби.

# GEVGELIJA "SPICE UP THE JOURNEY"




Општина Гевгелија го промовираше Проектот за туристичка промоција и афирмација на туристичките ппотенцијали на Општината. Под заштитниот слоган "SPICE UP THE JOURNEY", односно „Зачини го патешествието", беа промовирани главните туристики потенцијали: „АВАНТУРИ ВО ПРИРОДА" за промоција на природните богатства, преку: планинарење, планински велосипедизам, параглајдерство, лов, риболов и други активности, „ЗАБАВА И ВОЗБУДА", за промоција на казинотуризмот и придружните активности, „СЕНЗАЦИОНАЛНИ ВКУСОВИ" за афирмација на традиционалната и богата кујна што ја нудат локалните ресторани, „ЗДРАВЈЕ И УБАВИНА", како туристички потенцијал во подем, како „ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ПОТЕКЛОТО", засновано на вредните археолошки локалитети, стари цркви и културните знаменитости.

Од изготвената комуникациска стратегија произлегоа повеќе креативни решенија за изработка на билборди, стикери, маици со слоганот "Spice up the journey", флаери на 3 јазици за сите туристички потенцијали. Отворени се фан-страници на социјалните мрежи Facebook и Instagram, а изработени се и 5 кратки промотивни видеа за сите компаративни погодности и туристички потенцијали, како и едно генерално видео за промоција на вкупната туристичка понуда на Општина Гевгелија.

# „АРТ РОК КОНЦЕРТ" НА „ШЛИЦ"



Арт рок концерт на бендот „Шлиц" беше настан, кој не смееше да се пропушти. Во организација на ЈОУ Дом на култура во Гевгелија, во Народниот театар настапи, Емин Џијан, македонскиот диригент, композитор, аранжер и музичар со авторски композиции преземени од неговиот музичко-визуелниот перформанс „Диши љубов", работен по текст на Тина Иванова, како и композиции создадени за проектот „Улица", по текст на Славко Јаневски. На прекрасниот концерт, Емин Џијан, како вокалист и гитарист настапи со групата SCHLITZ (Драган Гиновски- гитара, Дарко Мучев- бас, Гоце Стевковски- тапани и Ади Имери- гитара).

# „МИСТЕРИЈА БУФО" НА ПРИЛЕПСКИ ТЕАТАР



Прилепскиот театарски ансамбл од „Војдан Чернодрински" со изведбата на претставата „Мистерија Буфо" во Гевгелија предизвика воодушевување кај публиката. Двочасовната инзворедна актерска игра на: Наташа Ачански, Илија Волчески, Димитар Ѓорѓиевски, Михајло Миленкоски, Ангела Наумоска, Марија Спиркоска-Илијески, Александар Тодески и Димитар Црцороски го држеше будно вниманието на присутните со комичниот приказ на мотиви од Евангелијата во Библијата. Всушност, осумте актери на сцената ги проповедаа вистинските морални вредности кои треба да ги поседува секој човек, што, за жал, уште многу одамна се изгубени поради општествените неприлики.

Гевгелија ја имаше честа, по премиерата во Прилеп, да биде прва од градовите каде гостуваше Народниот театар „Војдан Чернодрински" со „Мистерија Буфо".

# НОВОГОДИШНИТЕ ЅВЕЗДИ НА „ДОН КИХОТ"



„Новогодишните ѕвезди на Дон Кихот" со своето предновогодишно шоу заслужено добија громогласни аплаузи во Народниот театар- Гевгелија. Традиционалната новогодишна манифестација, организирана од Драмската група „Дон Кихот" при СОУ „Јосиф Јосифовски" од Гевгелија, и овој пат, ја потврди инвентивноста и креативноста на младите луѓе. На манифестацијата учествуваа ученици со свои музички интерпретациии, а беа изведени и неколку драмски едночинки. Драмската група „Дон Кихот" работи под раководство и менторство на професорката Даниела Џишева, а во реализацијата на манифестацијата беа вклучени и професорите Александра Ќаева, Вања Манчева и Тони Аврамов.

# НОВОГОДИШЕН ДОЧЕК 2023

Голем број граѓани од општина Гевгелија ја дочекаа Новата година на забавата на Градскиот плоштад во Гевгелија, организирана од Општина Гевгелија. За добрата атмосфера беа задолжени локални изведувачи од Гевгелија, со изведба на песна и музика за сечиј вкус. Имено, на новогодишната забава настапија: DJ Milan, Христијан Митровски, Крџев со бенд, Филип Хаџикојчев со бенд, Оливера Станковска и „Лајв бенд". Пристигнувањето на Новата 2023 година беше одбележано со огномет.

И оваа година, прославувањето на Новата година во општина Гевгелија помина во мирна и празнична атмосфера. Според податоците од ОВР-Гевгелија, новогодишната ноќ поминала без инциденти и нарушувања на јавниот ред и мир, додека во ЈЗУ Општата болница со проширена дејност-Гевгелија немало зголемен број интервенции од тежок карактер.



**Петар Толев, дипломат**

# ОД КОШАРКАР ДО ДИПЛОМАТ ОД КАРИЕРА

**Како ви поминуваа детските денови во родниот град?**

- Бевме млади деца кои растевме во повоениот период. Тогаш, во Гевгелија место за забава имаше малку, имаше едно кино, попладневни игранки во Гимназијата и билијард-клубовите, но на учениците им беше забрането да се движат низ градот по 20 часот, како и влегување во јавни локали. Оние што не се придржуваа кон овие правила, се казнуваа. Ни преостануваше да играме со топка и оние игри кои децата ги играат на маалските улици. Некаде во 6 или 7 клас, како наставник по физичко воспитување, во Гимназијата дојде Илија Николов, на кого, од милост подоцна му го дадовме парамонот Фифа. Тој беше млад човек кој не организираше и ни ги откри убавините на малите спортови. По неговото доаѓање, во гимназискиот двор во старата зграда на Гимназијата, направивме одбојкарско, кошаркарско и ракометно игралиште.

**Набргу станавте член на КК „Партизан“?**

- Во 1955 година, од играчите во гимназиската екипа, се формираше Кошаркарскиот клуб „Партизан“ од Гевгелија. Околу формирањето многу ни помогна Вано Вацев, кој беше бивш фудбалер, но бидејќи го привлекоа малите спортови, несебично ни помогна и беше еден од иницијаторите за формирањето на кошаркарскиот клуб. Првите играчи на КК „Партизан“ беа: Звонко Трајковски, Кире Стамков, Петар Толев, Славчо Комленов, Владо Тучев, Томе Кусеников, Ванчо Наков, Ванчо Карајанов, Љубе Стојчевски и еден Стојан од Струмица. Истата година, на игралиштето од „црвеница“, кај зградата на Филатурата, го одигравме пријателскиот натпревар со „Вардар“ од Скопје и изгубивме катастрофално, 82-54, бидејќи тие имаа професионален тренер.

**Каде ја продолживте кошаркарската кариера?**

- При еден натпревар кој го одигравме во Куманово, со истоимената екипа, бев забележан од управата на КК „Вардар“ кои ми понудија кога ќе одам на студии во Скопје, да играм за нивната екипа. Во 1955 година, заминав на студии во Скопје и се до 1960 година, студирав и играв за КК „Вардар“, кога тренер беше Драгослав Лазиќ. Во 1960 година, по завршувањето на студиите, се вратив во Гевгелија и се приклучив како играч, но и како тренер во екипата на КК „Партизан“. Таа, 1960-та година, за првпат, кошаркарите на „Партизан“ се натпреваруваа во Македонската кошаркарска лига. По две години, јас заминав во Белград во дипломатската служба и прекинав да играм кошарка. Којзнае, доколку останев во Гевгелија, лесно можеше да се случи да станам и врвен кошаркар, наместо дипломат. Но, животот секогаш ги пишува нашите приказни, па така ја напиша и мојата.

**По кошарката, започнавте со дипломатската кариера?**

- Во 1962 година, започнува мојата дипломатска кариера која трае скоро три децении, бидејќи како кариерен дипломат во тогашна СФРЈ ги поминав сите скалила во дипломатската хиерархија, од приправник аташе, аташе, секретар I, II, III, советник, полномоштен министер, советник на сојузниот секретар, генерален конзул, па се до амбасадор. По објавениот Конкурс за прием на приправници во Сојузниот секретаријат за надворешни работи за дипломатско-конзуларна струка и положениот приемен испит, во септември 1962 година, бев примен на работа во ССНР. По двегодишното стручно усовршување и положениот државен испит, станав „дипломат“, а мојата прва служба во странство беше во Варшава, Полска, од 1964 до 1967 година. Имав голема среќа и задоволство да работам во земја со богата историја, култура и научна традиција, од која потекнуваат Коперник, Мицкијевиќ, Шопен, М. Кири. Полска ја чувствував како многу блиска затоа што има доста сличности меѓу двата народа во секојдневниот живот. Но, посебно се ангажирав околу дечињата на нашите бегалци од Егејска Македонија, за кои Полската влада помагаше да учат на македонски јазик со учебници од Република Македонија. Работев и на издавање на македонско-полскиот речник со проф. С. Тополинска, подоцна и член на МАНУ.



© Dimitar Novakov

**Петар Толев е роден во Гевгелија, на 19 февруари, 1937 година. Основно и средно обазование завршил во родната Гевгелија, а Правен факултет во Скопје, во 1960 година. По завршувањето на факултетот, работел во ЗИК „Винојуг“ и како заменик - јавен обвинител до заминувањето во Белград, каде што започнува со дипломатската кариера. Сега, како пензионер, живее во Белград, а летниот период го минува во својот роден град. За негова афирмација, на свечената седница на Советот на Општина Гевгелија, по повод 7 Ноември - Денот на ослободувањето на Гевгелија, му беше доделена Седмоноемвриска благодарница.**



**Потоа, преминувате во Амбасадата во Софија, какви се вашите впечатоци од денешна перспектива?**

- Мандатот поминат во Амбасадата на СФРЈ во Софија, во периодот од 1969 до 1973 година, како секретар за култура и научно-техничка соработка, остави длабоки траги во мојата дипломатска кариера. Ова што денес се случува во нашите односи со Бугарија, креирано е уште тогаш, во времето на Тодор Живков, па и порано, само што тоа сега од бугарска страна се манифестира на крајно агресивен начин. Порано, такво нешто не можеше да се случи затоа што Македонија не беше сама, имаше некој кој стоеше во нејзина одбрана, а сега не само што тоа го немаме, туку и самите се предаваме. Во една прилика, еден бугарски генерал, на еден коктел, ме нарече Бугарин, но Владата на СФРЈ веднаш протестираше кај бугарскиот амбасадор во Белград.

**Каде продолжува понатаму Вашата дипломатска кариера?**

- Во амбасадата во Стокхолм, Шведска, од 1976 до 1980, бев политички советник, отправник на работите, заменик на амбасадорот, каде што, покрај политичките активности, се ангажирав и кај славистичките катедри на Шведските универзитети, поврзани со разни манифестации организирани во Македонија, семинари, симпозиуми, „Струшките вечери на поезијата" и друго. На предлог на Република Македонија, Сојузната влада ме именува за генерален конзул во Торонто, од 1983 до 1987 година. Во тогашно време, се практикуваше за конзули во странските земји да се именуваат дипломати кои потекнуваат од Републиката. од каде потекнува најголемиот број на иселеници. А, се знае дека во Торонто е најбројна македонската дијаспора и Торонто се сметаше за втор македонски град по Скопје, со најмногу Македонци. По афтокефалноста на МПЦ, црковните општини одиграа огромна улога во организирањето на македонското иселеништво, напуштање на членството во српските и бугарските цркви што наиде посебно кај пробугарските цркви на огромно негативно реагирање, но без никаков ефект. Задоволство беше да им се помага на нашинците, во нивните статусни прашања, како и поврзување на нивните друштва и организации со Матицата на иселениците на Македонија. Имавме контакти со градоначалниците на Торонто и другите општини, па така дојде до збратимување на општината East York со Скопје.

**Сепак, круна на дипломатската кариера беше именувањето за амбасадор во Кралството Тајланд.**

- Тоа беше сосема нешто ново, првпат престојував во Азија и во една прекрасна земја, а на професионален план еден поинаков предизвик - дипломатија која не е оптоварена со балкански и билатерални проблеми, емиграција и иселеништво. Во тоа време, Тајланд беше економски просперитетна земја, со што се отвораше простор за широка економска соработка, но, за жал, набргу започна процесот на распаѓање на СФРЈ, а Македонија ја прогласи својата самостојност. Врз основа на одлуката на Македонската влада, сите Македонците во сојузната администрација мораа да се повлечат. Согласно одлуката, се повлеков и се ставив на располагање на Република Македонија. Но, од, за мене непознати причини, тогашната Македонска влада не покажа интерес за мое професионално ангажирање и на 55 години заминав во пензија. Иако, во еден период од работата во Сојузниот секретаријат за надворешни работи на СФРЈ, покрај дипломатската кариера, ја обавував функцијата началник на Организационо-правната и кадровска служба и раководев со над 2.000 вработени. Значи, можев да водам едно толку големо Министерство, а, според некои македонски владини функционери, не можев да го организирам новото Македонско министерство за надворешни работи.



**Што значи за Вас доделената Седмоноемвриска благодарница?**

- Доделеното признание прво беше големо изненадување за мене бидејќи потекнува од мојот роден град. Истовремено, претставуваше и голема чест и сатисфакција да се исправи до некаде неправдата која ми беше нанесена. За овој гест сум длабоко благодарен бидејќи, секогаш, каде и да бев, настојував да ги афирмирам моите корени. Се надевам дека и во иднина Општина Гевгелија ќе им оддава признание на истакнатите гевгеличани кои на некој начин придонеле, биле чест и гордост на нашиот град Гевгелија.

# СОНЧЕВИТЕ И ДОЖДОВНИТЕ ОДБЛЕСОЦИ НА ТАЊА ТРАЈКОВА

Третата по ред изложба на Тања Трајкова, насловена „Одблесок", беше отворена во Пионерскиот дом во Гевгелија. Пред присутните љубители на ликовната уметност од Општина Гевгелија, беа презентирани делата на Трајкова кои се иновативни и оригинални со употреба на апстрактни детали со златни и сребрени листови залепени на сликарско платно, кои даваат еден длабок и луксузен изглед. Идејата за користење на златни и сребрени листови доаѓа од самиот сончев одблесок или огнен одблесок, одблесок од дождот, односно од нивната рефлексија, вели авторката.

Позлата се користело и во сликањето во куќите на аристократијата. Сјајот на површината, нејзината издржливост, како и самата постапка за позлата, и пакетот материјали зависат од избраната техника на нанесување златни лисја, и сребро, и ваквите слики и предмети може да траат со децении.



# НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ НА АНСАМБЛОТ „БОЈМИЈА"

Со традиционалниот Новогодишен концерт, фолклорниот Ансамбл „Бојмија", на големо задоволство на гевгелиската публика, ја заврши годинашната успеш-на сезона. На љубителите на народниот мелос, во препол-нетата сала на Народниот театар, играорците на овој ансамбл им приредија уште една незаборавна вечер.

Со изведба на народни песни и ора и со својот оригинален пристап во презентирањето на народниот фолклор, „Бојмија" уште еднаш потврди дека е еден од најдобрите ансамбли за традиционална музика и игра во земјата. Репертоарот на Ансамблот „Бојмија" е разновиден и потекнува од игри и песни од сите краеви на Македонија. Игрите и песните се изведуваат со автентични носии од регионот, од кој потекнува играта.



# ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБАТА „АНА ФРАНК-ИСТОРИЈА ЗА ДЕНЕС"



Во Пионерскиот дом во Гевгелија, е отворена патувачката изложба „Ана Франк – Историја за денес. Изложбата претставува збир од триесет и девет изложбени панели кои носат бројни детали од животот на малата Ана и нејзиното семејство од Втората светска војна. Изложбата е во рамки на проектот: „Хисторија, Историја, Повјест – Лекции за сегашноста", а организатори се Младински образовен форум и Куќата на Ана Франк од Амстердам. Во изложбата има и панели кои се креирани посебно за македонскиот контекст во периодот по Втората светска војна до денес, а изработени од домашните експерти Мишо Докмановиќ и Бесник Емини.

Она што ја прави оваа изложба поинаква е што водичи за посетителите ќе бидат млади волонтери, ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија, кои ќе поминат обука спроведена од младинските тренери на МОФ за да ја раскажат приказната на Ана Франк. Проектот има за цел да го покрене вниманието и поттикне дискусија за настаните од блиското минато на Западен Балкан, кои се причина за различни поделби и генерирање на конфликти во минатиот век.

# КОНЦЕРТ СО УЧЕНИЦИТЕ НА ПРОФЕСОР ВЕСНА ГИНОВСКА ИЛКОВА



Љубителите на сериозната музика присуствуваа на уште еден прекрасен настан - Новогодишен концерт на учениците од класата на професор Весна Гиновска Илкова, во организација на „Музички моменти" од Гевгелија. Во хотелот „Аполонија", настапија: Матеа Теодосиевска, Македонка Петреска, Билјана Буџакоска, Симона Мишевска, Ивона Огненовска и Марија Ѓорѓиевска. Тие исполнија дела од: Глик, Рахманинов, Чајковски, Моцарт, Штраус, Скаловски, Перголези, Пучини, Алабљев.

Сопранот Весна Гиновска Илкова е повеќе од дваесет години на оперската сцена, со одиграни над 20 водечки оперски улоги, во Македонија и надвор од неа, а е првенец во Операта и редовен професор на ФМУ. Весна Гиновска Илкова е чест гостин на Гевгелија, а нејзината публика овој пат уживаше во настапите на нејзините ученици.

# ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА ООУ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- МИРАВЦИ

ООУ „Климент Охридски" во Миравци го одбележа својот Патронен празник со богата културно-уметничка програма и презентација на најуспешните ученички творби. Пред многубројната публика, меѓу кои беше и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, учениците од I до IX одделение, во чест на Св. Климент пееја, глумеа, рецитираа и се претставија со танцови кореографии. Пред присутните, се обрати директорката на ООУ „Климент Охридски" - Миравци, Каролина Димитрова:

- Св. Климент Охридски со неговите дела моќно не просветли нас, луѓето. Името и неговото дело ја сведочат денешната азбука, писмо, учење, просветлување. Моќна е и пораката на нашето училиште, кое го носи светлото име на најзначајниот лик за писменост. По повод Патрониот празник, беа организирани и спортски активности, штафетни и футсал игри, во кои учествуваа учениците од ООУ „Климент Охридски" и Подрачното училиште во Калково, при ООУ „Страшо Пинџур"- Јосифово.



# ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИТЕ СЕ ЗАПОЗНАА СО РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ



Четвртооделенците со своите одделенски наставници од ООУ „Крсте Мисирков" во Гевгелија беа во посета на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Посетата е остварена во рамки на изучувањето на наставната единица „Запознај ја локалната самоуправа" по предметот Општество. На средбата, градоначалникот Сарамандов ги запозна четвртоодделенците со неговата работа, работата на локалната самоуправа, како и работата на Советот на Општина Гевгелија. Притоа, одговарајќи на нивните прашања изрази уверување дека придонесе во успешното усвојување на нивните знаења. Во рамките на училишните активности, во посета на градоначалникот Сарамандов престојуваа и четвртоодделенците од ООУ „Владо Кантарџиев" во Гевгелија, од ООУ„Климент Охридски" во Миравци и ООУ„Ристо Шуклев" во Негорци.

# ПРОАКТИВНО ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТАТА

Во рамките на проектот „Врснички форум театар против насилство во училиштата", беше реализиран дводневен камп со 30 ученика од основните училишта и средното училиште од општина Гевгелија. На работилниците, учениците на креативен начин имаа можност слободно да зборуваат за нивните потреби и проблеми. Преку игра на улоги, ја претставуваа фактичката состојба во нивната средина поврзана со врсничкото насилство, поттикнувајќи емпатија и одговорност кај секого, а преку дискусија нудеа различни пристапи во конфликтните ситуации. На работилниците се работеше и на создавање четири сценарија за видеоприказни и една театарска претстава.

Проектот: „Врснички форум театар против насилство во училиштата" е одобрен од „Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2)", финансирана од ЕУ, а спроведувана од УНДП и Општина Гевгелија. Во рамките на проектот, што го имплементираат Здруженијата „Од станица до граница" и „Рубикон", досега беа одржани 10 обуки со вкупно 192 наставника во сите основни училишта и во средношколскиот центар во општина Гевгелија.



# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ НА КОНКУРСОТ ЗА МЕСЕЦОТ НА КНИГАТА

ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев" во Гевгелија ги додели наградите на учениците од основните и средното училиште во општина Гевгелија и нивните ментори, кои учествуваа на Литературниот и Ликовниот конкурс по повод Месецот на книгата. На Литературниот конкурс за расказ на слободна тема за учениците од основното образование, првонаградена е Јована Дупарова од ООУ„Владо Кантарџиев", под менторство на Зорица Митреска. Второнаградена е Симона Бојкова од ООУ „Владо Кантарџиев, под менторство на Елизабета Инадеска-Ефремова, а третонаградена Ирина Алчинова од ООУ „Владо Кантарџиев", под менторство на Вили Караколева.

Втората награда на Литературниот конкурс за есеи за учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски" ја доби Ирина Прошева, под менторство на Жаклина Атанасва, а Третата награда Виолета Чугунцалиева, под менторство на Тони Аврамов. На Ликовниот конкурс, Теодора Манчева од ООУ „Владо Кантарџиев", под менторство на Адриана Манчева, ја освои Првата награда, Лазар Јаневски од ООУ „Крсте Мисирков", под менторство на Михаил Петров, ја освои Втората,



а Теодора Ристова од ООУ „Климент Охридски", под менторство на Михаил Петров, Третата награда.

# ХУМАНИТАРЕН НАТПРЕВАР НА ВЕТЕРАНИТЕ НА КК „КОЖУВ“

Во спортската сала „26 Април“ во Гевгелија, Кошаркарскиот клуб „Кожув“ организираше хуманитарен натпревар меѓу две генерации на ветерани на гевгеличани. Повозрасните беа предводени од капитенот Ѓоко Андреев, а настапија и Дуев, Ступар, Венци Гавровски, додека кај „помладите“ ветерани на теренот се појавија Драган Лазаревски, Димитар Јаневски, Благој Јаневски …

На овој натпревар настапи и актуелниот градоначалник на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој изјави: „Уште еднаш докажавме дека Гевгелија е спортски град, но, пред се, дека е хуман град. Она што треба сите да ги радува е што одигравме одличен меч преполн со возбудувања, а публиката создаде одлична атмосфера во салата“. Сите приходи од оваа средба, како што информираа од КК „Кожув“, ќе бидат донирани во хуманитарни цели.



# ГЕВГЕЛИСКИТЕ АТЛЕТИЧАРИ МЕЃУ ПРВИТЕ НА ТРКАТА „CIPURO RACE“ ВО РОДОХОРИ, ГРЦИЈА



17 атлетичари од гевгелискиот Клуб „7 Ноември, учествуваа во трките на 5,7 и на 18,7 километри во Родохори, Науса, во соседна Грција. Во трката на 5,5 километри настапија: Игор Коцевски, Томе Каркалашев, Никола Ковачев, Атанас Епов, Стојан Делев, Мартин Итов, Анастасија Џорлева, Александар Петковски, Блаже Петковски, Кристина Узунова, Никола Нанчев, Пепита Џикова, Валентина Узунова и Срѓан Милошевски.

Во машка конкуренција, првото место го освои Атанас Епов, а втор беше Срѓан Милошевски, додека во женска конкуренција, Валентина Узунова се пласираше на третото место, а Кристина Узунова стигна четврта. Дарко Прошев, Мијалчо Андоновски и Влатко Семенаков трчаа на патеката со должина од 18,7 километри, која беше со висинска разлика од 750 метри.

# МОТОКРОС КЛУБ ГЕВГЕЛИЈА НА ВТОРО МЕСТО ВО НАЦИОНАЛНИОТ МОТОКРОС ШАМПИОНАТ

Гевгелиските мотокросисти се пласираа на второто место во Националниот мотокрос шампионат за 2022 година Ова е досега најуспешна година за „Мотокрос клуб Гевгелија“. Во најсилната класа MX1 – 450cc, со моторцикл YAMAHA YZF450, Васко Киров е освојувач на 3. место за 2022 година. Во класата MX2 – 250cc, со моторцикл HONDA CRF250, Иван Цековски, исто така, го освои 3 место.

Милан Стојанов (класа MX – 10 место), Огнен Тодоров (класа MX85cc – 4 место) и Саше Трајков (класа MX1 – 4 место) ја започнаа натпреварувачката сезона убедливо добро, но поради сериозни повреди уште на самиот почеток на сезоната не успејаа да ги извозат сите трки од шампионатот. Додека, Димитар Маџунков (класа MX – 7 место) и Марио Поп-Тошев (класа MX2 – 6 место) започнаа со натпреварување на средината на сезоната поради што не освоија доволно поени за повисок пласман.




# БЛАГОЈЧЕ НАЈДЕСКИ ПРВАК НА ГЕВГЕЛИЈА ВО БРЗОПОТЕЗЕН ШАХ



Во просториите на Шаховскиот клуб „7 Ноември, се одигра последниот брзопотезен турнир во шах од серијата „Гранд При“, по којшто беше прогласен и првакот на Гевгелија во брзопотезен шах за 2022 година. Со најмногу поени, првак на Гевгелија стана Благојче Најдески, кој игра шах веќе 35 години и е вработен во „Вори“. Второто место му припадна на Боре Танчев, додека третопласиран е Тоше Андонов. Серијата „Гранд При“ за оваа година на Шаховскиот клуб „7 Ноември“ мина во прекрасна атмосфера и во присуство на 18 играчи, меѓу кои и тројца гости од Струмица.

## ТРАДИЦИОНАЛНО ПРИСТИГНУВАЊЕ НА ДЕДО МРАЗ ПРИСТИГНА СО ВОЗ



Дедо Мраз во Гевгелија пристигна во Гевгелија со воз. Во пресрет на Новата година, традиционално Дедо Мраз, најнапред, пристигна на железничката станица во Гевгелија, а потоа од Пионерскиот дом со автомобил се упати кон центарот на градот. Овде го пречекаа најмладите гевгеличани, кои му приредија пригодна забава. И во 2022 година, Пионерскиот дом беше организатор на дочекот на Дедо Мраз на железничката станица.

## НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА



Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, им додели новогодишни пакетчиња на дечињата од социјално-ранливите семејства што Општина Гевгелија. Пакетчињата беа поделени на 50 дечиња од социјално-ранливи семејства, како и на штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија. Градоначалникот ги посети и сите основни училишта, каде што на првоодделенците им беа доделени новогодишни пакетчиња, донација од компанијата „Ветеринар“.

## БОЖИЌЕН БАЗАР

Кралските извидници од Гевгелија, по вторпат, организираа „Божиќен базар“, во пресрет на Новата година. На тревникот пред Народниот театар, за гевгеличани беше организирано дружење со скара, кафе/чај и вафли, а за децата и тинејџерите беа организирани извиднички работилници. На „Божиќниот базар“ беа промовирани OUTDOOR спортовите, каде спортските клубови и организации ги презентираа своите активности. Исто така, беа изложени и продавани рачни изработки, а беше организирана и божиќна програма за децата и родителите. Млади водачи и извидници од Холандија, Белгија и Германија учествуваа на настанот и водеа дел од извидничките работилници. Сите средства собрани од овој проект ќе бидат донирани за добротворни цели, инофмираше Катерина Колева, една од членките на Кралските ренџери.

## ТВОЕТО ЛИЦЕ КАКО ДА МИ ЗВУЧИ ПОЗНАТО



И оваа година, средношколците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија ги воодушевија гевгеличани со забавно-музичкото шоу „Твоето лице како да ми звучи познато” – „Ние сме вашето лице”. Во Народниот театар, учениците од овој средноучилишен центар, членовите на Драмската група „Титанија“ и двата музички бенда Nebula и Undisclosed измамија бројни аплаузи. Пародијата „Твоето лице како да ми звучи познато” беше изведена под режисерската пакла на професорката Жаклина Атанасова и музичка продукција на Илија Атанасов.

## ИЗЛОЖБА НА РАКОТВОРБИ ОД ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ



Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, во соработка со НУ Музеј Гевгелија, Денот на лицата со посебни потреби, го одбележа со Изложба на ракотворби, изработени од самите штитеници. На изложбата во Уметничката галерија Амам во Гевгелија, беа презентирани ракотворбите што штитениците на овој центар ги изработуваат во рамките на редовните активности. Ракотворбите беа достапни за продажба, а собраните средства наменети за купување материјали, потребни за окупационите активности на лицата со посебни потреби што Центарот ги спроведува за стекнување животни вештини.

## НАГРАДИ ЗА ТАНЧЕРСКАТА ГРУПА MYSTIC ВО ЗАГРЕБ



Со освоени три први и едно второ место се вратија малите танчери од Клубот „Мистик“ од Гевгелија од Загреб, каде што учествуваа на Winter International dance Zagreb 2022. На натпреварот, кој традиционално се одржува осма година по ред, учествуваа над 3.000 деца танчери во различни категории од бројни земји од регионот и светот. Тие се натпреваруваа во: акробатика, балет, џез танц, современ танц, лирски, хип хоп и многу други танцови дисциплини. Последниот ден од натпреварувањето, гледачите уживаа во ГАЛА НАСТАНОТ, вечер на која беа претставени 30 најдобри кореографии од целиот натпревар.



ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk